Влада на Република Северна Македонија

Скопје, 26 ноември 2024 година
Бр. 41-10741/6

До
Министерство за образование и наука
Скопје

Во прилог за извршување ви се доставува Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Право на информатичка технологија" на Правен факултет „Јустинијан Први" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, дадено од Владата на Република Северна Македонија, под бр. 41-10741/ од 26 ноември 2024 година.

Замсник на генералниот секретар на Владата
на Република Северна Македонија

Хасим Муртезани

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Правен факултет "Јустинијан Први"
СКОПЈЕ

| Примено: 03-12-2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 09- | 218/4 | | |

Подготвил: м-р Марија Арсова - Лазаревска, советник
Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор
Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор

Прилог: 1

Доставено и до
- Агенцијата за квалитет во високото образование
- Правен факултет „Јустинијан Први" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118022
www.vlada.mk

Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21 и 58/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 26 ноември 2024 година, дава

# Р Е Ш Е Н И Е

## за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Право на информатичка технологија" на Правен факултет „Јустинијан Први" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Право на информатичка технологија" на Правен факултет „Јустинијан Први" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

По добивање на Решение за акредитација бр.08-677/7 од 19.3.2024 година, од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, достави Барање бр. 09-218/3 од 28.3.2024 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, заведено под бр. 08-274/1 од 16.4.2024 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Право на информатичка технологија" на Правен факултет „Јустинијан Први" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 08-274/2 од 1.10.2024 година, формираше Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на 7.10.2024 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 08-274/3 од 9.10.2024 година, во кој се констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Право на информатичка технологија" на Правен факултет „Јустинијан Први" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21 и 58/24).

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование*(„Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21 и 58/24), решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб - страницата на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се поведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**Бр. 41-10741/5**
**26 ноември 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на Владата**
**на Република Северна Македонија**

**проф. д-р Христијан Мицкоски**

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Правен факултет "Јустинијан Први"
СКОПЈЕ

| Примено: 03-12-2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 09- | 218/4 | | |

| | |
|---|---|
| Подготвил: | м-р Марија Арсова - Лазаревска, советник |
| Проверил: | Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение |
| Контролирал: | м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор |
| Согласен: | Снежана М.Пендовски, државен советник |
| | Зоран Брњарчевски, раководител на сектор |
| Одобрил: | Хасим Муртезани, заменик на генералниот секретар на Владата |